# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

во согласност со Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2022/2023 година објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 24.6.2022 година и со објавениот број на слободни места за запишување студенти на втор циклус студии во вториот уписен рок

Кандидатите за втор циклус студии во учебната 2022/2023 година се пријавуваат за упис преку системот за електронско пријавување како дел од системот со студентски сервиси „iKnow“ („iKnow“-системот) и со електронска достава на документи при пријавувањето.

Пред терминот на пријавувањето, во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира за електронско пријавување во „iKnow“-системот, на следната веб-локација: www.upisi.ukim.mk, и да ја пополни електронската пријава.

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Откако кандидатот ќе ги пополни сите прозорци кои се отвораат во „iKnow“-системот, автоматски ќе биде овозможено да се прикачат документите за пријавување (во ПДФ/„.pdf“ или во ЈПГ/„.jpg“ формат).

По пријавувањето во „iKnow“-системот, кандидатот ја испраќа својата пријава преку е-пошта („email“) и на адресата на е-пошта за уписи на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“: upisi-sf@ukim.edu.mk.

Во предмет („Subject“) на електронската пошта, кандидатите го наведуваат бројот што автоматски им го генерирал системот за електронско пријавување.

Во прилог на пријавата, треба да се прикачат (во „Attach File“) скенирани следниве документи (во ПДФ или во ЈПГ формат):

- пријавен лист за конкурирање за упис на втор циклус студии (од книжарница, рачно пополнет и лично потпишан);
- универзитетски пријавен лист (од „iKnow“-системот, лично потпишан);
- интерен пријавен лист (од „iKnow“-системот, лично потпишан);
- оригинален документ за завршен прв циклус студии (диплома или уверение);
- куса биографија („CV“);
- потврда за активно познавање странски јазик;
- извод од матичната книга на родените;
- доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение);
- потврда за уплата:
  - административна такса во износ од 50,00 денари;
  - 300 денари на трансакциската сметка на факултетот;
- препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
- список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку има такви);
- изјава за согласност за лични податоци (од „iKnow“-системот, лично потпишана);
- изјава за веродостојност и точност на поднесените скенирани документи (од „iKnow“-системот, лично потпишана);
- документи за евентуални награди, признанија и други релевантни документи.

Кандидатите задолжително ќе добијат автоматска потврда дека електронската пошта е примена и дека пријавата е уредно поднесена.

Со објавувањето на решението за прием, Факултетот на огласната табла и веб-страницата за уписи на нови студенти во учебната 2022/2023 година ќе ги објави роковите во кои кандидатите ќе треба да ги поднесат оригиналните документи и за пријавувањето и за запишувањето, за да се обезбеди поголема заштита и на кандидатите и на вработените на единицата.

Од факултетската конкурсна комисија.